**СООПШТЕНИЕ**

31 јули 2026

## Финансиски резултати за вториот квартал/првата половина од 2026 година

### Силни резултати во вториот квартал и првата половина од 2026 година, поддржани од зголемена комерцијална активност и подобрувања во синџирот на снабдување

| К2 2026 | К2 2025 | % на разлика | (износ во милиони денари) | 1П 2026 | 1П 2025 | % на разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19,894 | 9,012 | 121% | **Приходи од продажба** | 32.485 | 17.779 | 83% |
| 472 | 284 | 66% | **Бруто добивка** | 1.742 | 553 | 215% |
| 223 | 152 | 47% | **Оперативни трошоци** | 398 | 305 | 31% |
| 249 | 132 | 88% | **ЕБИТДА** | 1.344 | 249 | 440% |
| 239 | 129 | 85% | **Добивка пред оданочување** | 1.325 | 236 | 461% |
| 213 | 120 | 78% | **Нето добивка** | 1.181 | 216 | 448% |
| 702 | 167 | 319% | **Прилагодена ЕБИТДА** | 830 | 305 | 172% |

*Прилагодена  за ефектот на вреднување на залихите

Во вториот квартал од 2026 година, меѓународните цени на суровата нафта и рафинираните производи останаа на релативно високо ниво, но со надолен тренд во однос на рекордните вредности забележани на крајот од првиот квартал. Овој тренд беше поттикнат од постепеното ублажување на геополитичките тензии на Блискиот Исток и намалувањето на загриженоста поврзана со прекини во снабдувањето. Иако цените на суровата нафта останаа значително повисоки од оние во истиот период од 2025 година, достигнувајќи просек од околу 85 американски долари за барел во јуни, нормализирањето на пазарните услови придонесе за намалување на придобивките од вреднувањето на залихите во споредба со исклучително силните резултати остварени во  првиот квартал од 2026 година.

Во текот на вториот квартал, ОКТА остана фокусирана на обезбедување стабилно и сигурно снабдување со нафтени деривати на домашниот и на соседните пазари. Воведувањето на транспортот на дизел-гориво преку продуктоводот Солун-Скопје дополнително ја зајакна безбедноста на снабдувањето, ја подобри логистичката ефикасност и овозможи поголема оперативна флексибилност.

Во вториот квартал од 2026 година, приходите од продажба изнесуваа 19.894 милиони денари, што претставува зголемување од 121% на годишно ниво, првенствено како резултат на повисоките цени на горивата и зголемениот обем на продажба и на домашниот и на извозниот пазар. Оперативните трошоци се зголемија за 47%, главно поради повисоките регулаторни такси, трошоците за вработени и инвестициите насочени кон стратешките иницијативи за раст

на компанијата. ЕБИТДА достигна 249 милиони денари, што е зголемување од 88% во споредба со истиот период од 2025 година, поддржано од подобрените комерцијални резултати и позитивните ефекти од вреднувањето на залихите. Прилагодената ЕБИТДА изнесуваше 702 милиони денари, што претставува зголемување од 319% на годишно ниво.

**Оперативни и стратешки клучни моменти**

- Успешно реализирана прва трансакција на компанијата на интрадневниот пазар на електрична енергија на МЕМО, што е важен исчекор во тековната диверзификација на ОКТА во рамките на поширокиот енергетски сектор.
- Подобрена безбедност во снабдувањето, оперативна флексибилност и логистичка ефикасност преку континуирано користење на продуктоводот Солун-Скопје за транспорт на дизел-гориво.
- Зацврстена позиција на компанијата како регионален енергетски партнер преку поддршка и организациско учество во 10-тиот Симпозиум на лаборатории за нафта и нафтени деривати, промовирајќи техничка извонредност, иновации и регионална соработка низ целиот регион.
- Дополнително зајакната корпоративна и бренд видливост преку учество во регионални иницијативи и настани од висок профил, вклучувајќи го и ЕКО Акрополис Рели.

**Корпоративни клучни моменти**

- На 28 мај 2026 година, Генералното собрание одобри распределба на дивиденда од 182,8 милиони денари, што е еднакво на 240 денари по акција, која ќе биде исплатена во текот на третиот квартал од 2026 година.
- ОКТА не ги промени своите сметководствени политики.
- Компанијата одржуваше биланс на состојба без долгови и силна готовинска позиција во текот на првата половина од 2026 година.
- Во текот на извештајниот период не беа реализирани значајни инвестиции во материјални средства кои го надминуваат прагот од 30% од вкупните средства на Друштвото, согласно последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**Иницијативи за потрошувачи и општествена одговорност**

Во текот на првата половина од 2026 година, ОКТА продолжи да ги поддржува своите потрошувачи преку насочени програми за попуст на дизел-гориво и бензин, генерирајќи проценети заштеди од околу 7 милиони евра за крајните потрошувачи. Истовремено, компанијата продолжи да спроведува општествени, образовни и еколошки иницијативи, изразувајќи ја својата посветеност на одржливиот развој и создавањето долгорочна вредност за заедницата и сите засегнати страни.

И покрај стабилизацијата на меѓународните нафтени пазари во текот на вториот квартал, геополитичките случувања, глобалните економски услови и динамиката на понудата и побарувачката и понатаму влијаат на цените на горивата. Затоа, нестабилноста на пазарот останува важен фактор што може да влијае на остварувањата поврзани со залихите и целокупната профитабилност во наредните периоди. ОКТА останува фокусирана на врвна

оперативност, сигурност во снабдувањето и дисциплинирана распределба на капиталот со цел да обезбеди одржлива долгорочна вредност за своите акционери.

**За повеќе информации, Ве молиме контактирајте ја:**
Огнена Ничота Стаменкова, менаџер за односи со инвеститори, ostamenkova@helpe.gr